
АТОМ & ЕВА



Историја на една материјалистичка љубов

Графичко уредување и дизајн:
Бранко Прља

Стручен соработник:
Д-р Адријан Божиновски

Издавачка куќа Готен
www.gotenpublishing.com
contact@gotenpublishing.com

CIP - Каталогизација во публикација;
Национална и универзитетска
библиотека
„Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-32

ПРЉА, Бранко
Атом и Ева: историја на една
материјалистичка љубов /
[Бранко Прља]. - Скопје: Готен, 2012. -
160. стр. : илустр. ; 17 см.
(Библиотека Астро Гном; кн. 4)

Белешка за авторот: стр. [159]

ISBN 978-608-4625-23-0
COBISS.MK - ID 92886282



КНИГА 4

Бранко Прља

АТОМ & ЕВА

Историја на една материјалистичка љубов

ГОТЕН
Скопје, 2012

Содржина

Атомистико, радост ти ќе бидеш 7
Нови трагачи по вистината 9

На почетокот беше ништото 11
Кој ја создаде илузијата? 19
Атомот се згрчи! 33
Атомски среден век 43
Ренесанса и атомизам 53
Далтон и неговите браќа атомисти 73
Индустриска револуција 83
Атомизмот во 19-от век 95
Електрично доба 117
Сферите на материјализмот 131

Атомистички трошки
Големите научници на електричното доба... 143
Атомистички речник 147

Белешка за авторот 159

Атомистико, радост ти ќе бидеш



Ве повикуваме на возбудливо патување во светот на атомите. Ќе се дружиме со најголемите умови на теоријата на атомизмот од времето на античка Индија и Грција до достигнувањата на науката од 20-тиот век.

На ова патување ќе нè придружува динамичното дуо Адам и Ева, жители на Светот на идеите раководен од Господ Вакуум, трговец со шверцувани цигари од „реалниот“ свет. Овој нарко-господ соочен со недостатокот од неговиот омилен производ, ќе ги прати Адам и Ева, како негови агенти-мисионери со цел да им ја откријат тајната на атомот на жителите на овој свет и да воспостават материјалистички принципи во него. Но, зошто?

Како што Господ Вакуум знае, а би требало и вие, „реалниот“ свет воопшто не е реален, туку е само искривена проекција на светот на идеите. Тој е контролиран од Господ Вакуум во кој луѓето се потчинети на овој суров господар со една цел - да произведуваат евтини производи со сомнителен квалитет кои не се дозволени во светот на идеите.

Адам и Ева се пар на мисија! Ако успеат да го создадат материјалистичкиот свет на Земјата, нивниот господар ќе биде задоволен и можеби ќе им дозволи да се вратат во рајот од кој биле протерани. Но, тоа нема да биде лесна задача. Древните народи на Земјата знаеле дека светот е духовна творба, дека сè што постои е само различна форма на енергијата. Секое придвижување е промена на енергетската состојба, не постои ред и постојаност, туку хаос и фрагментираност. Задачата на атомизмот е да ја поткопа оваа идеја и да изгради свет заснован на материјализмот.

На ова патување ќе дознаете дали мисијата на ова динамично дуо ќе успее и дали Земјаните засекогаш ќе ја продадат својата душа на Богот на предметите и празните вредности. Но, ние Земјаните сме тврдокорни битија со џокер во ракавот, наречен Инспектор Дик Трејсиќ, кој им е на трага на двајцата злосторници со лоши намери по човечкиот род...

Читајте и дознајте дали Дик Трејсиќ ќе успее да го спречи Господ Вакуум да им ги открие тајните на атомот на човековата раса.

Нови трагачи по вистината



Атом, ентитет со став на рок ѕвезда

Адам, агент на мисија

Ева, партнерка на Адам, поубава половина на динамичното дуо

Господ Вакуум, Бог на светот на идеите

Демокрит, антички Грчки атомист и шпион

Канада, првиот атомист, не е од Канада

Дик Трејсиќ, експерт за криминалистика и турбо-фолк

Исидор, епископ на Севилја, средновековен шмекер

Николас од Куза, ренесансен генијалец со кауза

Френсис Бејкон, наречен Сиси Планината

Пјер Гасенди, мастер на гасовите

Џон Далтон, едниот од озлогласените браќа Квекери


Ват, парно-машинец, индустријалистички ум

Џ. Џ. Томас, Ди Џеј-Џеј, кралот на електронската церемонија

Нилс Бор, квантен физичар од иднината

... и многу други материјалисти

На почетокот беше ништото



“Господ Вакуум е најголемата измислица на пропагандно-маркетинншката индустрија од почетокот на светот. Кој верува во него е недостоен на тоа да се нарекува човечко суштество и би било најдобро за него и остатоткот од човечката раса да нè лиши од сопственото постоење. Но, тоа не значи дека не треба прво да слушнеме што има да ни каже Господ Вакуум.“

Антиконсумерист Трети

Во рајската градина

„Ах, колку ми е здодевно...“ помисли Господ Вакуум и плукна семка од тазе набраното јаболко од неговата рајска градина. Да, тоа беше вистинската „рајска“ градина со тапија, печат и документ заверен кај нотарот на Севишниот.

Вакуум направи гримаса како да се подготвува да кивне и потоа громогласно извика: „Женооо!!“

На портата од кралската канцеларија се појави заносната сопруга на Вакуум, поранешна мис на месецот јуни во рајската градина и повремена естрадна уметничка.

„Повели, господару?“ рече таа со глас во кој имаше нијанса зарипнатост доволна да го направи ѓаволски сексапилен.

„Дај претвори се пак во змија и најди ми други двајца глупчовци за да ми донесат уште јаболка, последните ми беа некако кисели.“

Да, нејзиното портфолио беше збогатено со способноста да се претвори во змија - професионална деформација или боже(н)ствена дарба? Никој не го знаеше одговорот на таа загатка.

„Веднаш, мил мој,“ рече сервилно младата жена и „оп-оп“, лесен чекор го понесе нејзиното зрело и полно тело низ кралскиот дворец кон градината.

* * *

Во градината беа Адам, затвореник број 324.532/м и Ева, со број 324.532/ж, кои штотуку се будеа од сон. Ева, носена од природниот нагон за истражување се упати кон дворецот, додека Адам реши да отспие уште малку. Змијата подготвено ја пречека Ева и ја поздрави со едно долго „Сссздраво!“

Ева прво се исплаши, но потоа се созема. „Здраво... Што си ти?“

„Не е битно што сум, туку што можам да ти дадам, драга. Пред тебе има едно дрво, а на него јаболка, во јаболката, освен многу природни анти-оксиданси кои се добри за твојата мазна кожа и твоето општо здравје има една супстанца, која ја нарекуваат ЛСД. Ако каснеш од тоа јаболко, пред тебе ќе се отвори еден нов свет на можности, предизвици и дразби.“ Ева бледо ја гледаше змијата.

„Твоите сетила ќе бидат како никогаш порано,“ продолжи таа, „ќе ти се чини дека стоиш на врвот на светот, а надолу пред твоите нозе ќе бидат послани најпосакуваните богатства на светот - бутици со најмодерна облека, салони со најнов мебел, продавници за модерни апарати за домаќинство, бижутерија, фризери, маникири, педикири, депилација, епилација, шминки и сè што ѝ треба на една жена со твоите потенцијали.

Ќе речеш, тука е убаво и мирно, но запрашај се, колку време она задремано маженце таму ќе биде задоволно со твојот природен изглед пред да почне да бара друга русокоса? А што кога ќе дојдат децата на ред? Зарем ќе живеат во колипка од гранки и ќе јадат од грмушки?

Зарем не заслужуваат своја соба, играчки, велосипеди и мопеди, хамбургери, сладоледи и газирани пијалаци збогатени со шеќер кој ќе ги направи зависни, зарем не заслужуваат игранки, матурски и свадби, наместо мавање со стапови и играње во кал? Не размислувај, туку веднаш јаболко гриз-гризај!“

Ева не разбра речиси ништо од муабетов, но знаеше дека тоа јаболко изгледа проклето вкусно, а нејзиниот стомак веднаш се согласи со тоа. Беше доволен еден гриз и Ева веднаш знаеше што да прави. Не ѝ требаше многу време да го убеди Адам да гриц-грицне и тој.



Прототипот на Адам и Ева, кој не бил многу популарен

Пред Господ Вакуум

Адам и Ева се појавија пред господ Вакуум во нивните чевли, чанти и колани од Луј Витон, часовници и прстени збогатени со скапоцени камења од Сваровски, облека и обувки од Армани, со совршени фризури и блескави насмевки. Адам носеше гајба со јаболка под мишка, застана пред Вакуум и ја тресна пред неговите нозе, се исправи и си ја поднамести фризурата.

Нашите двајца манекени беа по малку разочарани од изгледот на Севишниот. Со радост ја беа исчекувале оваа средба и единствената можност да го видат Господ Вакуум којшто беше недофатлив за сетилата на обичните смртници во реалниот свет (иако некои сведочат дека има мирис на носени чорапи и вкус на бамија).

Но, бидејќи престојувалиштето на нашите двајца палави јунаци беше светот на идеите, тие можеа јасно да го видат ќелавото мрсно старче во *пот-маица*, и не знаеја дали им е погаден недостатокот на заби во неговата уста, неговиот перверзен поглед или неговите пожолтени прсти и брада од цигарите кои ги пушеше една по друга. До него седеше неговата сопруга, Хера.

Вакуум го погледна Адам под око, се поднаведна, зема едно јаболко и гризна. Од јаболкото се појави црв, му се насмевна и избега повторно во јаболкото. Вакуум се разгневи и го фрли јаболкото кон двајцата манекени.

„Знаете зошто ве викам, нели?“ загрме господ Вакуум.

„Да, сакате да позборуваме за суштината на животот и постоењето,“ одговори Адам, а Ева го погледна зачудено. Таа повеќе би сакала да позборува за оние нешта кои ги кажа сопругата на Вакуум, но премолчи.

„Што!“ крикна господ Вакуум. „Слушај, ти дрско момче, јас сум осуден на проклето здодевна вечност тука во овој забеган рај каде што по цел ден слушам цврц-цврц, мрц-мрц, пиу-пиу... зарем мислиш дека ќе седев сè уште тука да знаев нешто за суштината на животот? Ха-ха! Досега одамна ќе се излежував на Куба со мојот драг пријател Кастро и ќе цевчев пури додека две млади кубанки ќе ги масираа моите стапала со етерични масла.“ Ева се стресе од помислата на неговото старо, влакнесто тело како свети на тропското сонце.

“Но, некоја игра на судбината решила да ме постават за газда на светов и не можам да мрднам оттука. Не, мил мој, вие немате некоја голема и длабока мисија во животот, единствена причина за вашето постоење е да ми донесете нова залиха тутун да си го пув-пувкам со мерак!“



Господ Вакуум, од времето кога бил млад хроничен пушач

„Само внимавајте да не ми донесете некое кинеско ѓубре прскано со пестициди и којзнае што сè не! Можеби не знам ништо за суштината на светот, но знам како функционира тој. Сè додека има профит, ќе има профитери, додека има овци, ќе има овчари, зарем ме сметаш за будале-лелетинка?“ Вакуум строго ја погледна сопругата.

„Извинете што ве прекинувам, но дали сепак можеме да дознаеме нешто повеќе за светот во кој треба да се упатиме? Мислам... како ќе најдеме тутун, ако не знаеме ништо...“ пропелтечи Адам.

„Овој е навистина здодевен,“ Вакуум повторно се сврте кон сопругата. „Секоја тура манекенчиња е сè поздодевна... каде се оние едноставните Адам и Ева бр.1/1 кои дојдоа пред мене облечени во листови?... сега копнеат по вистината, суштината, целта... сакаат да знаат каде има дизајнерски чевли и дијамантски прстени... само тоа ги интересира! Бидејќи знам какви плачковци сте вие луѓето, овој пат ќе ти направам услуга. Но, знај дека кога ќе ја слушнеш вистината ќе посакаш да не си прашал ништо...“ Адам не трепна, беше решителен.

„Вистината, мил мој, е дека светот во кој ќе се упатиш е илузија, создаден е од ништо и постои како ништо. Неговиот градбен материјал атомот - е изграден од празнини и енергии, материјата не постои!

Целата заблуда околу материјата ја започна еден човек, кој всушност беше наш агент испратен на Земјата со цел да ви ја набутка таа слика за светот во вашите мали празни - да, како и светот! - глави за да можете да работите и креирате со илузијата дека создавате опипливи и мерливи нешта. Вистината е дека тие нешта се илузии и од нив имаме корист само ние - жителите на

светот на идеите.“ Вакуум уживаше во секој изречен збор кој предизвикуваше промени во ликот на Адам и Ева - од зачуденост во грч, од очај во паника...

„Што мислите од каде ми се кожените чизми од крокодил, палтото од Армани, синџиров од Сваровски?...“ се насмеа Вакуум.

„Но, еден контра-агент ја закашка целата работа и целиот наш вековен труд... агентот Дик Трејсиќ, запаметете го неговото име. Ако го видите не борете се со него, правете го она што секој наш агент кој преживеал го направил - бегајте! Мораме да ја ресетираме историјата и вашата задача е повторно да го посеете семето на атомизмот и материјализмот во светов зашто почнуваат да ни недостасуваат материјалистичките стоки во нашиов свет... Збунети сте, драги мои илузо-луѓенца-бебенца? Не грижете се, опуштете се и завалете се во вашите столови. Авантурата започнува!“

Вакуум притисна едно копче кое се наоѓаше на неговиот кралски престол и под нашите двајца јунаци се отвори дупка и тие пропаднаа во

ре

ал

нос

таааааа

аааааааааааааа...

Кој ја создаде илузијата?



„Го ситнам кашкавалот,

парчиња сецкам,

- до кога? - прашање слушам

тоа атомот ме задева.“

Демокрит

Демокрит, младост

Абдера, Тракија, 460 г. пне. Тато Демокрит седеше во ладовината под едно дрво во дворот од неговата аристократска вила далеку од градската врева. На небото наеднаш се слушна силна грмотевица, на што овој рипна и се скри под дрвото очекувајќи силен дожд. Но, она што го виде беше далеку од неговите очекувања. Небесниот свод го параше голема огнена топка проследена со долга опашка од чад. Кратко потоа се зачу силен удар во блиската шума. Таткото скокна на кочијата и замавна со камшикот. По некое време стоеше пред огромен кратер во чијшто центар имаше топка од материјал каков што не видел до тогаш. Топката се отвори и од неа излезе дете, не постаро од 5 години.

Тато Демокрит, шокиран од оваа сцена скокна наназад, а коњот преплашено рипна и ја преврте колата. Античкиот човек беше соочен со навистина тешка задача на набројување на името на сите божества додека коњската кола паѓаше кон него, но тогаш се случи чудо - колата застана.


Тато Демокрит ги отвори очите и го виде детето како ја придржува колата со неговите две мали рачиња и се смее.

„Н-но, како“ пропелтечи Тато. Одговорот кој го доби од детето беше уште поголемо чудо. „Лесно тато, колата е лесна зошто е составена од празнина. Таа е ништо.“

* * *

Но, тоа беше во првата верзија на нашиот свет, во која Светот на идеите имаше доволно пари од Министерството за специјални ефекти. Во новата верзија на светот каде што се испратени нашите агенти, Демокрит не е синот на Кал-Ел од планетата Криптон, туку само обично надарено момче.

Токму затоа, запомнете, тие ќе мораат да го посетат неколку пати во животот, како и многу други луѓе во нашава приказна и да го учат на атомизмот кој тој ќе го пренесе на светот.



Тато Демокрит го учи малиот Демокрит како да лови риба, омилена фад'р-сан активност во демократските грчки градови-држави.

Значи, во следните години детето растеше во домот на тато Демокрит и го наследи неговото име. Ги изучуваше сите потребни вештини и знаења со кои се одликуваа младите аристократи во античка Грција.

Кога почина татко му, младиот Демокрит го искористи неговото богатство за пат до Индија. Но, зошто таму? За да одговориме на тоа треба да се вратиме неколку векови наназад.

Индискиот атомизам

Си бил еден индиец наречен **Канада** кој немал никаква врска со државата која ќе настане многу векови по него, освен тоа што сакал лисја, а сакал и зрна, всушност неговото име во превод значело „оној кој јаде зрна“, а зрната всушност биле атоми. Легендата вели вака.

Еден ден Канада се шетал во неговата градина и му се пријало. Бидејќи една недела претходно ја испратил сопругата со децата на одмор кај мајка ѝ, веќе неколку дена немал јадено ништо. Зошто?

Филозофската **Ваишешика** школа која тој ја има основано во 600 г. пне., како што можеме да прочитаме во текстот Ваишешика-сутра, пропагирала дека универзумот е во состојба на постојана промена и дека со сè во светот раководи каузалитетот, принципот на причина и последица кои се различни, но поврзани.

„Ако мојата сопруга е кај мајка ѝ на една недела, а јас сум го изел сè она што таа ми го има зготвено за само 2 дена, тогаш во следните пет дена нема да имам што да јадам,“ размислувал логички Канада и бидејќи се

држел до филозофските принципи во животот не му останувало друго освен да пости.

Канада, исто така, тврдел дека постои врска помеѓу целината и нејзините делови, т.е. кога материјата се дезинтегрира, делчињата продолжуваат со сопствена егзистенција, но, воедно велел дека целината има сопствено постоење и не постои како одвоени делчиња. Ова тврдење може да ви се чини како контраинтуитивно, но, како што ќе видиме понатаму, токму таква е и квантната теорија денес.

За вас кои мислите дека античките Грци ја создале атомската теорија, зачинетата индиска кујна на трансцендентални мисли ви има приготвено изненадување. Ги предупредуваме тие со послаби стомаци веднаш да го затворат атомистичкиов готвач и да земат полесна литература. Другите би требало да знаат дека Демокрит и атомистите биле чести посетители на Истокот и на тие патувања случајно го фатиле вирусот на атомизмот.

Како што ѝ е познато на историјата, Ваишешика филозофијата гледала на светот како на врски помеѓу атомите, создала теории за тоа како атомите се комбинираат во покомплексни објекти и постулирала дека сите објекти во физичкиот универзум може да се сведат на ограничен број атоми.

Оваа школа, исто така, тврдела дека сите елементи - земја, вода, оган и воздух (да, исто така пред античките Грци), се направени од невидливи *параманус* (атоми). За тоа тие имале едноставен аргумент.

Да претпоставиме дека материјата не е изградена од невидливи атоми, т.е. дека е континуирана. Да

земеме еден камен. Секој може да го подели овој камен на бескрајно мал број парчиња (бидејќи материјата е бесконечна). Хималаите, исто така, имаат бесконечно многу делчиња, според што секој може да направи уште едни Хималаи со бескраен број делчиња. Ако започнеш со камен, ќе завршиш со Хималаите, што е парадокс - според тоа, оригиналната претпоставка дека материјата е бесконечна мора да биде грешна, според што сите објекти мора да се направени од ограничен број на атоми. Ова елегантно аргументирање е далеку поуверливо од млечниот силогизам на Грците кои наводно тврделе дека ако го сечеш кашкавалот доволно долго, конечно ќе дојдеш до неделиво парче кашкавал.



Индиски гимнософист ја спроведува неговата „филозофија со секира"

Според старите Индијци атомите се неделиви и вечни, не можат да се уништат, ниту да се создадат. Секој атом поседува сопствена индивидуалност. Ова неодоливо потсетува на грчката атомистичка доктрина и навистина, постои дебата помеѓу научниците за потеклото на Индискиот атомизам. Во историјата на филозофијата денес се смета дека Индиската и Грчката верзија на атомизмот се развиле независно. Сепак, постои сомнеж во врска со тоа, поради сличностите помеѓу Индискиот и Грчкиот атомизам и блискоста на Индија до сколастичката Европа, како и фактот дека (според Диоген Лаертие, грчкиот историчар на филозофијата) Демокрит „бил запознаен со делата на **Гимнософистите** (голите филозофи) од Индија".

Некои историчари, особено пропагандистите на пангрчката теорија според која сè што вреди на светов е создадено од античките Грци, а другото е само украдено од нив, тврдат дека Канада не живеел во 6-от век пне, туку во 2-от век. „Демокрит, мирно спиј," велат тие додека го покриваат со илјадници фалсификувани историски документи во неговата колепка.

Но, за Демокрит, како и за повеќето антички грчки мислители, реално се знае многу малку. Секогаш се работи за подоцнежни извори, пренесувања, прераскажувања и бајки кои го држат пиштолот на уцената над светската економија. Грчката завера ќе го уништи светот!

Скопје, Вистинска Македонија, 2032 година

од Дик Трејсиќ, д-р по криминалистика и филозофија

* * *

Дик Трејсиќ, нашиот турбо-фолк вселенски агент, ја отвори вратата од неговата временска машина и се упати во неиспитаните простори и времиња...

Осамна во Хотелот „Подобра иднина“ и веднаш ја почуствува возбудата на новото и непредвидливото, дрогата од која зависеше, уште од времето кога ги испитуваше воените злосторства во Поранешна Југословенска Галаксија (сегашни мини-галаксии-сателити кои талкаат во вселената без централизиран гравитациски извор, туку се приклонуваат кон најблискиот или оној кој нуди подобра зделка).

„Микросветот, невидливото, место каде што познатите закони на вселенската полиција престануваат да важат, а започнуваат неделата на квантните злосторници кои се појавуваат и исчезнуваат од местото на злосторството со брзина која би го збунила и Расколников,“ размислуваше Трејсиќ додека го гасеше последното догорче во пепелникот.

„Ќе ми треба добра резерва Лаки Страјк ако сакам да имам успех во случајов,“ помисли Трејсиќ и излезе до трафиката на аголот од неговата улица. Само што посегна по паричникот го почувствува допирот на ладната цевка на грбот. Требаше многу повеќе од *Магнум колт 45* да го замрзне Трејсиќ.

„Пријателе, знам дека си среќен што ме гледаш, но можеше да почекаш да ми го кажеш тоа на само,“ процеди смирено Трејсиќ, но на неговиот напаѓач не му беше до шега. „Мрдни,“ за'ржа тој и го подбутна нанапред.

„Дозволи ми барем да земам цигари.“

„Таму каде што одиш не ти требаат цигари,“ рече заканувачки гласот. Свртеа во една слепа и темна уличка, каде што напаѓачот го турна Трејсиќ кон ѕидот. Трејсиќ со крајот од окото погледна нагоре и виде дека ѕидот е премногу висок за да скокне преку него, а потоа се загледа во ликот на човекот со пиштолот и го препозна.

„Демокрит, старо дртало, да знаев дека си ти немаше да останам без *пљуга*!“

„Не туку ми се прави важен, многу добро знаеш дека ќе пукам ако направиш грешно движење, нема да ми биде прв пат!“

„Секако, Канада многу добро го знае тоа.“

„Токму за тоа сакам да зборуваме.“

„За што? За тоа дека ја имаш фалсификувано Индиската филозофија и дека ти и твоите топли браќа од Грчкиот полуостров сте најголемите плагијатори кои ги видела историјата?“

„Не тропај, ти мрсулаво детективче со диплома од приватен универзитет за криминалистика, а сите знаеме како се добиваат тие дипломи! Ние сме основачи на западната мисла, не можеш да ни се фатиш ни за малото прсте, еј!“

„А се чини дека тоа прсте се пика во сите дозволени и недозволени дупки на историјата. Како што им ја украдовте и ја присвоивте филозофијата на Египќаните, нели?“

„За тоа нема докази!“

„Да, сè што не ви оди во прилог нема издржани аргументи, а ако најдете некој стар, искинат и уништен натпис кајшто се спомнува некој од вашето братство, тоа веднаш станува свето писмо.“

„Доста ломотиш, детективче, да преминеме на главното. Го прочитав твојот извештај за Канада и Индискиот атомизам. Морам да речам дека добро си ја истражил темата, но си ги испуштил најраните школи на Индискиот атомизам, и одредени епистемолошки позиции како материјалистичката **Удалака**, кои се развиле уште порано од Ваишешика филозофијата."

„Не мислев дека се битни..." се бранеше Трејсиќ.

„Не си научил да истражуваш кога ги добиваше подарок-оценките на факултет. Да, мил мој, ја заборави и **Веданта** школата која велела дека видливиот универзум е создаден од оригиналната резерва на атоми. Другите, неатомски субјекти, вклучувајќи ги душите кои се отелотворени, па дури и Врховната душа, се вечни. Но, во оваа космологија душите и Супердушата играат само улоги на знак во атомското создавање на универзумот. Никој не може да тврди дека, во времето на создавањето, атомите прво се комбинираат заедно, бидејќи тие се поттикнати од некои кармички импулси во самите атоми. Ниту почетната комбинација на атоми може да се објасни како резултат на остаток од кармата на живите суштества кои се „успани" пред создавањето."

„Малку сум збунет сега, што сакаш да кажеш?"

„Сакам да речам," процеди Демокрит, "не оспорувам дека направивме копија на индискиот атомизам, но ние и го надоградивме! Индијците се грижеле за трансценденталните значења на атомизмот, ние првите го воведовме атомот во она што може да се нарече никулец на науката. Но, многу добро знаеш дека нашето братство нема да признае дека постои нешто побитно од нас во историјата и бидејќи не можеме да ги уништиме доказите за индискиот атомизам,

само ќе го смениме датумот на тие откритија и ќе ги ставиме после нашите мили браќа. Јасно!“

“А како мислиш дека ќе се извлечеш и ќе ја сокриеш вистината?“ за'ржа Трејсиќ.

„Лесно, како што го прават тоа сите големи писатели на историјата - со пиштол.“

Едно “банг!“ го распара влажниот воздух во ноќта. Трејсиќ падна.

„Извини, стар пријателе, не можев да дозволам да копаш подлабоко. Вистината, за жал, е уште поезотерична од твоите теории на заговор. Јас сум од планетата Едем и пратен сум на Земјата да ја ширам илузијата за материјалното која започна со еден ситен, невидлив, неделлив атом.“ Една солза потече по образот на Демокрит и капна врз испуканиот асфалт. Звукот на неговите чевли кои се оддалечуваа стануваше сè потивок...



Инспектор Дик и неговото детективско куче Ботсон

Тука завршува сагата на Трејсиќ и неговата плодна кариера на уривање митови и теории на завера преминува во книгите по историја на криминалистиката, истите од кои тој ги учеше трите претходно подготвени прашања на испитите на приватниот универзитет.

Но, неговото наследство не умира, таму каде што тој застанал продолжува неговиот наследник, Инспектор Наклон.

Индиската филозофија како зачеток на квантната теорија

Микро-инспекторот Наклон беше наклонет над неговата работна маса и ги разгледуваше записите на неговиот омилен детектив Дик Трејсиќ.

„Открив дека во **Теравада** будистичката феноменологија," пишуваше Трејсиќ „т.н. Калапас се најмали единици на физичката материја „десетици илјадници пати помали од честичките прав" кои се создаваат и исчезнуваат во милијардитиот дел од секунда или трилионитиот дел од трепнувањето на окото. Некои Теревада мислители ги разбирале Калапас како субатомски честички и најмали делчиња на материјалното."

Наклон се чувствуваше како дотогаш да талкал во темна пештера и сега наеднаш пронашол златен рудник. Него не го интересираше тоа кој прв го измислил атомизмот, за кој сметаше дека ја одиграл својата улога во историјата и таа книга треба да се затвори, туку го интересираше улогата на Индијците во создавањето на модерната квантна теорија. Продолжи да чита.

„Пронајдов дека Калапас не се спомнуваат во најраните будистички текстови, туку во **Абидамата Саигаха**, помеѓу 5-от и 11-от век. Тие не се универзално прифатени во Будизмот и Буда никогаш не зборувал за нив."

„Добро, тоа не ја намалува нивната вредност. Квантната теорија потекнува од 20-от век," помисли Наклон и се врати на текстот.

„Според описот со кој се среќаваме во Абидамата Саигаха, Калапас се невидливи под нормални услови но видливи како резултат на медитацијата **самади**. Калапас се составени од осум нераздвојни елементи на материјалното постоење кои вариираат во количини: земја, вода, оган, воздух, боја, мирис, вкус, нутритивна суштина.

Првите четири елементи се наречени примарни квалитети и се главни во калапас. Другите четири се секундарни својства кои произлегуваат од примарните. Одредени калапас вклучуваат и дополнителни елементи како, звук, пол, тело, мисловна основа и живот. Во современата будистичка медитативна пракса, набљудувањето и анализата на калапас е вид на випасана пракса која овозможува директно набљудување на непостојаноста и на не-себе."

На инспектор Наклон му беше повеќе од јасно дека постои поврзаност помеѓу Индиската филозофија и квантната теорија, па дури и со поегзотичните и помодерните теории на Супер-нишки, теориите за единаесет димензии и супер-симетрии... но истражувањата на Трејсиќ одеа уште подлабоко.


"Уште позначајно од аспект на модерната физика е тоа што будистичкиот атом бил замислен како транзиторен, како постојано поминува низ фази на промена.

Будистичкиот атом бил сила или енергија присутна во материјата. Ова е поврзано со будистичките верувања дека целото постоење е моментално и дека постојаната материја е илузија.“ Наклон ги голташе зборовите и чувствуваше дека го открил гралот на историјата на науката.

“Реалноста е кинетичка... меѓузависноста на моментите кои следат еден по друг ја создаваат илузијата и стабилноста на траењето, но се работи за сили кои се создаваат без постоење на супстанца која е навистина цврста. **Мадјамика** школата ја споредила реалноста со парче ткаенина кое ако го гледаме од далеку изгледа целосно, но гледано од поблиску открива слабо поврзани конци. Во 20-от век западните физичари ја откриле квантната реалност. „Цврстата“ чинија која ја поддржува нашата вечера не е воопшто цврста, поради тоа што атомите се составени во најголем дел од празен простор, додека интеракцијата на честичките во постојани насилни движења ја обезбедува илузијата за стабилноста и цврстината.“ Тука заврши документот на Трејсиќ за мистичко-трансценденталните корени на квантната теорија, но Наклон знаеше дека тоа не е крајот.

* * *

Но пред да продолжиме, да се навратиме на сагата за Демокрит и, уште поважното прашање, што стана со нашите јунаци Адам и Ева и нивната потрага по тутун за диктаторот на златниот престол во Едем?



А

Активност

„Со овој акт те ослободувам од одговорноста за атомската бомба“, му рече историјата на научникот, кој се насмевна, а забите му засветкаа со светлина на илјадници сонца.

Во физиката: Бројот на распаѓања во секунда за радиоактивна супстанца.

Алфа распаѓање

Распа го погледна Ѓање и во тој кус миг знаеше дека помеѓу нив е готово. Во неа затрепери возбудата на слободата и таа знаеше дека за да се изгради нешто ново, старото мора да се распадне.

Во физиката: Процес во кој јадрото емитува алфа честичка.

Алфа честичка

Еден сончев ден Алфа се шетал во паркот кога наеднаш го нападнало куче. Неговите блиски знаеле дека тој во детството бил нападнат од куче и дека неговиот најголем страв во тој миг се остварил. Но, минувачите не го знаеле тоа и се смееле на глетката на возрасен маж качен на дрво и куче што лае по него. Од тој момент светот го препознава како Бета.

Во физиката: Позитивно наелектризирани честички се тие кои се состојат од два протони и два неутрони емитирани од радиоактивни материјали.

Атомски број

Т. Аом бил прочуен јогин и човек за кој се зборувало дека знае 12 јазици, бил ерудит, писател, уметник и научник, но сепак не знаел да испржи кајгана. Запаметен е по изреката „Почитувај ги јајцата како мали божества, зошто тие се извор на животот“ и по делото „Филозофија во служба на оправдувањето“.

Во физиката: Број на протони во јадрото на атомот.

Атомско јадро

А тргнал на пат без да знае дека штом ќе излезе од дома ќе го сретне Б, кој сакал да му се придружи, но првиот го одбил, зашто бил договорен со В, кој задоцнил на договореното место, но оттука поминал Г, кој здогледувајќи го стариот пријател толку се израдувал што ги поканил сите, од А до Г!

Во физиката: Оној дел од атомот кој е дефиниран од бројот на протони (Z), бројот на неутрони (N) и

масениот број A, кој е збир од бројот на протони и бројот на неутрони (A = Z+N). Нуклеоните (протони и неутрони) во јадрото се поврзани - нивната вкупна енергија изнесува помалку од вкупната енергија на одделните честички. Врзувачката енергија претставува количество на енергија која е потребна за формирање на јадрото. Доколку се споредат врзувачката енергија и масениот број A, ќе се забележи дека, почнувајќи од водородот, јадрата стануваат постабилни бидејќи има повеќе протони и неутрони, сè до железото. По овој елемент, овој тренд е обратен: како што масениот број расте, односот на неутрони и протони во јадрото станува поголем.

Б

Бета распаѓање

Бета се симнал од дрвото и погледнал наоколу. Светот бил изменет. Наоколу оделе исправени луѓе, никој веќе не користел примитивни алатки, туку сите биле хипнотизирани од стакла со подвижни слики. Не можејќи да се прилагоди на овој свет, Бета се преименувал во Гама и ја напуштил цивилизацијата.

Во физиката: Процес на радиоактивно распаѓање во кој од јадрото се емитира електрон или позитрон и неутрино.

Брауново движење

„Работата во новинската куќа беше многу стресна. Постојано рокови, никогаш доволно време, уште и клинецот, го викаа Браун, кој ме вадеше од такт, а ми го дадоа да чиракува кај мене, некој татин син, глупав

Белешка за авторот

Бранко Прља е роден во Сараево во 1977 година. Од 1990 година живее во Скопје. Работи како графички дизајнер и текстописец.

Основач е на првиот електронски конкурс за литература во Македонија, *Електролит* и на креативниот колектив *Капка*.

Има објавувано во земјава и во странство.

Досега објавено:

Приказни обични за луѓе необични (2012)

Досие: Универз Ум (2012)

Досие: Ѕвезда Немезис (2011)

Вест од Несвест (2010)

Досие: Планета Икс (2009)

Вести од подрумот на баба ми (2007)

Парите се отепувачка (2006)

Вести во земјата на чудата (2005)

За секого по нешто, за некого ништо (2003)

Авантура, мистерија, возбуда!

Адам и Ева се пар на мисија! Ако успеат да го создадат материјалистичкиот свет на Земјата заснован на принципите на атомизмот, нивниот господар ќе биде задоволен и можеби ќе им дозволи да се вратат во рајот од кој биле протерани. Но, тоа нема да биде лесна задача.

